# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО НА РМ ЗА 2014/2015 ГОДИНА

**ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА за спроведување на приоритетот 3 (слобода на информации) и приоритетот 5 (фискална транспарентност) на Акцискиот план за отворено владино партнерство на РМ за 2014/2015 година**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

**Во сржта на отворената влада се начелата на <u>транспарентност, учество и одговорност</u>. При тоа:**

- **„<u>транспарентност</u>“** значи дека јавноста го разбира работењето на својата влада;
- **„<u>учество</u>“** значи дека јавноста може да влијае врз работењето на владата преку вклучување во процесите на креирање на јавни политики и во работата на давателите на јавни услуги;
- **„<u>одговорност</u>“** значи дека јавноста може да ја повика владата на одговорност за политиките и услугите што им се достапни на граѓаните.

## ДАЛИ ВКЛУЧУВАЊЕТО ВО ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ВЛАДАТА НА РМ ПРЕТСТВУВА ПРИОРИТЕТ ИЛИ ПАК САМО СЛЕДЕЊЕ НА ГЛОБАЛНИТЕ ТРЕНДОВИ?

## КОЛКУ Е ЗГОЛЕМЕНО НИВОТО НА ОТВОРЕНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ПЕТ ГОДИНИ ПО ВКЛУЧУВАЊЕТО ВО ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО?

Овој извештај дава краток осврт на учеството на Р. Македонија во иницијативата за Отворено владино партнерство, степенот на спроведување на активностите во надлежност на јавните институции за унапредување на пристапот до информации од јавен карактер (приоритет 3) и на активностите за унапредување на ефикасноста во управувањето со јавните пари или фискалната транспарентност (приоритет 5) предвидени со Акцискиот план за отворено владино партнерство 2014 – 2016 година во периодот 2014 и 2015 година, период на спроведување на мерките и постигнувањата/недостатоците во реализација на мерките од Акцискиот план.

**НОЕМВРИ 2011** → (Владата на РМ се приклучи кон глобалната иницијатива за отворено владино партнерство)[1]

Процес на подготовка на првиот акциски план без директно учество на граѓанските организации

**МАЈ 2012** → (Владата на РМ го усвои првиот Акциски план за отворено владино партнерство 2012-2014 година)[2]

**ОКТОМВРИ 2013** → (Прв извештај за спроведување на Акцискиот план за отворено владино партнерство во периодот 2012-2014 година, подготвен од граѓанска организација) [3]

**МАРТ 2014**

(Прв извештај за спроведување на Акцискиот план за отворено владино партнерство во периодот 2012-2014 година, подготвен од независниот известувач за Македонија, поставен во февруари 2014 година за прибирање на коментари од јавноста. На извештајот не беше даден ниту еден коментар.)[4]

Процес на подготовка на вториот акциски план со директно учество на дел од граѓанските организации

**МАЈ 2014**

(Владата на РМ го усвои вториот Акциски план за отворено владино партнерство за 2014-2016 година)

Вклучување на претставници на граѓанските организации во работни групи за следење на имплементацијата на активностите предвидени со Акцискиот план , при што не беше обезбедена подеднаква застапеност на граѓанските организации и јавните институции и не беше овозможено подеднаква можност за донесување на одлуки

**СЕПТЕМВРИ 2015**

(Владата го усвои и поднесе среднорочниот извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014-2016 година)

Извештајот е подготвен со вклучување на препораки од граѓанските организации

**ФЕВРУАРИ 2016** → (Втор независен извештај за спроведување на Акцискиот план за отворено владино партнерство 2014 - 2016 година подготвен од Здружението за еманципација солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ.

Извештајот е подготвен врз основа на одговори добиени од државните институции што се вклучени во имплементацијата на активностите од Акцискиот план во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер и на јавно достапни документи во кои се презентирани информации за негово спроведување)

[1] Писмо за склучување во иницијативата потпишано од министерот за надворешни работи, Никола Поповски: http://www.opengovpartnership.org/country/macedonia

[2] Акциски план за отворено владино партнерство 2012 – 2014 година: http://e-demokratija.gov.mk/web/guest/sd_administracija/-/document_library_display/ixK7/view/170268;jsessionid=D2010894009B3EE34E292842B26A1BE7

[3] Прв независен извештај подготвен од граѓанска организација: http://www.ogphub.org/wp-content/uploads/2014/02/Civil-Society-monitoring-report_Macedonia.pdf

[4] Прв независен извештај од независниот известувач за Македонија: http://www.opengovpartnership.org/sites/default/files/Macedonia_2012_Final_%28Mac%29.pdf

[5] Акциски план за отворено владино партнерство 2014 – 2016 година: http://e-demokratija.gov.mk/web/guest/sd_administracija/-/document_library_display/ixK7/view/170268;jsessionid=D2010894009B3EE34E292842B26A1BE7

[6] Одлука за формирање на работна група со сите учесници за имплементирање на Акцискиот план за отворено владино партнерство 2012 – 2014 година: http://www.fiskalnatransparentnost.org.mk/index.php/rabotna-grupa-za-slede%D1%9Ae-na-implementaci%D1%98ata-na-aktivnostite-od-komponentata-efikasno-upravuva%D1%9Ae-so-%D1%98avnite-resursi-fiskalna-transparentnost-od-akciski-plan-za-otvoreno-vladino-partnerstvo-2014-2016-godina

**ГРАФИКОН 1** Временска рамка на спроведени активности во рамки на иницијативата за Отворено владино партнерство во РМ во периодот од ноември 2011 до февруари 2016 година од страна на државните институции, граѓанскиот сектор и независни известувачи

# АКЦИСКИОТ ПЛАН Е ПОДЕЛЕН ВО 7 ОБЛАСТИ/ ПРИОРИТЕТИ И ПРЕДВИДУВА СПРОВЕДУВАЊЕ НА 51 МЕРКА

## ВИДОВИ МЕРКИ




**ВИДОВИ МЕРКИ**

| 1. Унапредување на партиципативното креирање на политики | 2. Зголемување на обемот на јавни информации/ податоци во отворен формат | 3. Унапредување на пристапот до информации од јавен карактер | 4. Спречување на корупцијата и промовирање на принципите на добро владеење | 5. Унапредување на ефикасноста во управувањето со јавните ресурси (фискалната транспарентност) | 6. Унапредување на транспарентноста и отчетноста на локално ниво | 7. Подобрување на јавните услуги и заштита на потрошувачите и граѓаните корисници на услуги и права |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20% | 13% | 20% | 18% | 6% | 10% | 13% |

ГРАФИКОН 2 Број на мерки во рамки на утврдените приоритети предвидени со усвоениот Акциски план за отворено владино партнерство 2014-2016 година

# КОЛКУ МЕРКИТЕ ПРИДОНЕСУВААТ КОН ОТВОРЕНА ВЛАДА

**ОВП** ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО

- Отворени денови за општините (КОМСПИ) - **среден чекор**
- Едукација на службените и одговорните лица кај имателите на информации (КОМСПИ) – **почетен чекор**
- Изработка на нова веб-локација на КОМСПИ - **почетен и среден чекор**
- Редовно објавување и ажурирање на листата на информации од јавен карактер (сите иматели) - **почетен чекор**
- Надзор врз објавувањето и ажурирањето на листата на информации од јавен карактер (КОМСПИ) - **почетен чекор**
- Достапност на сите информации од јавен карактер на веб-локациите на имателите (сите иматели) - **среден чекор**
- Унапредување на финансиските и човечките ресурси на КОМСПИ (Министерство за финансии, КОМСПИ и МИОА) - **почетен чекор**
- Зголемување на соработката на КОМСПИ со здруженијата на граѓани и фондациите и со општините во РМ преку потпишување меморандуми за соработка (КОМСПИ, општини и здруженија на граѓани и фондации) - **почетен чекор**
- Анализа на добиените предлози и утврдување на потребата од измена и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и отпочнување на процесот на изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер - **почетен чекор**
- Формирање меѓуресорска работна група за утврдување на усогласеноста на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до јавни документи - **почетен чекор**
- Утврдување на националните законски услови за пристапување кон оваа конвенција - **почетен чекор**

**ГРАФИКОН 3** Градација на мерките од приоритетот 3 од Акцискиот план за отворено владино партнерство според тоа колку придонесуваат кон целите на остварување на отворената влада согласно со препораките од Водичот за отворена влада

- Министерството за финансии секоја година на својата интернет-страница го објавува буџетот на РМ, и евентуалните измени и дополнувања, во отворен формат - **среден чекор**
- Министерството за финансии ќе подготви и на својата интернет-страница ќе го објави граѓанскиот буџет по донесувањето на буџетот на РМ за соодветната фискална година - **почетен чекор**
- Министерството за здравство ќе ја разгледа можноста за објавување на реализацијата на здравствените програми (финансиски и наративно) - **среден чекор**
- Препорака за објавување на годишните планови за јавни набавки, склучените договори за јавни набавки и известување за реализиран договор за јавна набавка - **почетен чекор**
- Изработка и примена на стандардите за транспарентност со листа на минимум информации што треба да ги објавува секоја институција што спроведува јавни набавки за да се обезбеди одредено ниво на транспарентност согласно со добрите практики, на интернет-страните на договорните органи - **среден чекор**
- Објавување на документи за странски инвестиции во РМ (Агенција за странски инвестиции) - **напреден чекор**
- Објавување на податоци за добиена и планирана странска помош (билатерална и фондови на ЕУ, Секретаријат за европски прашања) - **напреден чекор**

**ГРАФИКОН 4** Градација на мерките од приоритетот 5 од Акцискиот план за отворено владино партнерство според тоа колку придонесуваат кон целите на остварување на отворената влада согласно со препораките од Водичот за отворена влада

## ЛЕГЕНДА:

**ПОЧЕТЕН ЧЕКОР** - активности што може да ги преземе земјата, почнувајќи од релативно ниска појдовна основа.

**СРЕДЕН ЧЕКОР** - активности што може да ги преземат земјите, откако веќе оствариле умерен напредок.

**НАПРЕДЕН ЧЕКОР** - воспоставена најдобра практика што веќе ја покажале најдобрите.

**ИНОВАТИВЕН ЧЕКОР** - нови приоди што ги испробуваат земјите.

## НИВО НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ




**ГРАФИКОН 5** Ниво на спроведување на мерките предвидени со приоритетот 3 од Акцискиот план за отворено владино партнерство 2014 - 2016 година




**ГРАФИКОН 6** Ниво на спроведување на активностите предвидени со приоритетот 5 од Акцискиот план за отворено владино партнерство 2014 - 2016 година

## ЛЕГЕНДА:

**Завршени мерки** - мерки што во целост се реализирани.

**Мерки во напредна фаза на реализација** - мерки што се чекор до целосна имплементација.

**Делумно спроведени мерки** - мерки што се само започнати.

**Мерки што се официјално повлечени од Акцискиот план** - мерки што со одлука на Владата на РМ се повлечени од планот.

**Мерки што воопшто не се започнати** - мерки за кои не е преземена активност за започнување.

**Мерки за кои не може да се утврди степенот на реализација од информациите добиени од јавните институции и граѓанските организации** – мерки што не се јасно дефинирани или пак нема утврден индикатор за мерење на нивната успешност.

[7] Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

[8] Според Водичот за отворена влада, мерките од Акцискиот план можат да бидат: почетни, средни, напредни и иновативни чекори за остварување на отворена влада. Прочитај повеќе на http://fiskalnatransparentnost.org.mk/upload/pdf/publikacii/1/Vodic%20za%20otvorena%20vlada.pdf

[9] Нивото на реализација е утврдено врз база на податоците што ги доби ЕСЕ во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер и учество во работната група за следење на имплементацијата на активностите од приоритетите 3 и 5 од Акцискиот план.

• Отворени денови за општините (КОМСПИ) - **(незапочната)**
• Едукација на службените и одговорните лица кај имателите на информации (КОМСПИ) - **(степенот на спроведување не може да се утврди поради непостоење на индикатори за успех)**
• Изработка на нова веб-локација на КОМСПИ - **(завршена)**
• Редовно објавување и ажурирање на листата на информации од јавен карактер (сите иматели) - **(степенот на спроведување не може да се утврди поради непостоење на индикатори за успех)**
• Надзор врз објавување и ажурирање на листата на информации од јавен карактер (КОМСПИ) - **(незапочната)**
• Достапност на сите информации од јавен карактер на веб-локациите на имателите (сите иматели) - **(степенот на спроведување не може да се утврди поради непостоење на индикатори за успех)**
• Унапредување на финансиските и човечките ресурси на КОМСПИ (Министерство за финансии, КОМСПИ и МИОА) - **(завршена)**
• Зголемување на соработката на КОМСПИ со здруженијата на граѓани и фондациите и со општините во РМ преку потпишување меморандуми за соработка (КОМСПИ, општини и здруженија на граѓани и фондации) - **(незапочната)**
• Анализа на добиените предлози и утврдување на потребата од измена и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер **(незапочната)**
• Отпочнување на процесот на изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер - **(незапочната)**
• Формирање меѓуресорска работна група за утврдување на усогласеноста на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до јавни документи **(завршена)**
• Утврдување на националните законски услови за пристапување кон оваа конвенција - **(незапочната)**

• Министерството за финансии секоја година на својата интернет-страница го објавува буџетот на РМ, и евентуалните измени и дополнувања, во отворен формат - **(во напредна фаза на реализација)**
• Министерството за финансии ќе подготви и на својата интернет-страница ќе го објави граѓанскиот буџет по донесувањето на буџетот на РМ за соодветната фискална година - **(незапочната)**
• Министерството за здравство ќе ја разгледа можноста за објавување на реализацијата на здравствените програми (финансиски и наративно) - **(делумно реализирана)**
• Препорака за објавување на годишните планови за јавни набавки, склучените договори за јавни набавки и известување за реализиран договор за јавна набавка - **(завршена)**
• Изработка и примена на стандарди за транспарентност со листа на минимум информации што треба да ги објавува секоја институција што спроведува јавни набавки за да се обезбеди одредено ниво на транспарентност согласно со добрите практики, на интернет-страниците на договорните органи - **(незапочната)**
• Објавување на документи за странски инвестиции во РМ (Агенција за странски инвестиции) - **(незапочната)**
• Објавување на податоци за добиена и планирана странска помош (билатерална и фондови на ЕУ, Секретаријат за европски прашања) - **(делумно реализирана)**

**ГРАФИКОН 7** Степен на реализација на мерките од приоритетот 3 предвидени со Акцискиот план за отворено владино партнерство согласно со препораките од Водичот за отворена влада

**ГРАФИКОН 8** Степен на реализација на мерките од приоритетите 3 и 5 предвидени со Акцискиот план за отворено владино партнерство согласно со препораките од Водичот за отворена влада

## ЛЕГЕНДА:

**Завршени мерки** - мерки што во целост се реализирани.

**Мерки во напредна фаза на реализација** - мерки што се чекор до целосна имплементација.

**Делумно спроведени мерки** - мерки што се само започнати.

**Мерки што се официјално повлечени од Акцискиот план** - мерки што со одлука на Владата на РМ се повлечени од планот.

**Мерки што воопшто не се започнати** - мерки за кои не е преземена активност за започнување.

**Мерки за кои не може да се утврди степенот на реализација од информациите добиени од јавните институции и граѓанските организации** – мерки што не се јасно дефинирани или пак нема утврден индикатор за мерење на нивната успешност.

# НАВРЕМЕНОСТ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ

**2 од 12 мерки** се реализирани во временскиот рок утврден со Акцискиот план

**1 од 12 мерки** е реализирана со задоцнување

**9 од 12 мерки** сè уште не се реализирани во временски утврдениот рок

**4 од 7 мерки** се реализирани во временскиот рок утврден со Акцискиот план

**0 од 7 мерки** се реализирани со задоцнување

**3 од 7 мерки** сè уште не се реализирани во временски утврдениот рок

**ГРАФИКОН 9** Ниво на исполнување на роковите за спроведување на мерките предвидени во приоритет 3 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014 - 2016 година

**ГРАФИКОН 10** Ниво на исполнување на роковите за спроведување на мерките предвидени во приоритет 3 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014 - 2016 година

## ЛЕГЕНДА:

**РЕАЛИЗИРАНИ МЕРКИ** - мерки што се завршени во временскиот рок утврден со Акцискиот план.

**РЕАЛИЗИРАНИ МЕРКИ СО ЗАДОЦНУВАЊЕ** - мерки што се завршени во рок подолг од оној предвиден со Акцискиот план.

**НЕРЕАЛИЗИРАНИ МЕРКИ** - мерки што не се реализирани во рокот предвиден со Акцискиот план, односно сè уште се реализираат или воопшто не се започнати.

**ГРАФИКОН 11** Постигнувањата наспрема недостатоците од спроведувањето на мерките предвидени со приоритетот 3 (слобода на информации) од Акцискиот план за отворено владино партнерство спроведени во 2014 и 2015 година



| ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ~ | ПОСТИГНУВАЊА ✓ | НЕДОСТАТОЦИ ✕ |
|---|---|---|
| Отворени денови за општините. | Одржани се шест еднодневни работилници во 2014 година во соработка со шест општински и универзитетски центри и четири регионални работилници во 2015 година наменети за градоначалници, претседатели на општински совети, секретари на општини, раководители на сектори за правни и општи работи и службени лица за посредување со информации од јавен карактер. | Отворените денови во општините, чија основна цел е информирање на поширока група граѓани за нивните права за пристап до информации од јавен карактер, не се спроведени и КОМСПИ не располага со информации за реализација на оваа активност. Неуспехот на КОМСПИ да го промовира правото на пристап до информации од јавен карактер пред поширокаta јавност го потврдуваат и податоците презентирани во годишните извештаи на КОСМПИ во кои се нотира дека во периодот од 2013 до 2015 година во просек само 16 %, од вкупно поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер, се поднесени од граѓани, останатите се од граѓански организации и фондации. Информациите што ги прибра ЕСЕ во постапката за пристап до информации од јавен карактер, КОМСПИ ги изедначува граѓаните со јавните службеници, па обуките наменети за јавни службеници ги претставува како обуки за подигнување на јавната свесност за Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. |
| Изработена е нова веб-локација на КОМСПИ. | Изработена е нова интернет-страница на КОМСПИ http://komspi.mk/ | Според наше мислење, новата интернет- страница на Комисијата не содржи ниту поинаков вид на информации, ниту пак поголем обем на информации што ќе придонесат кон поголема промоција на правото на пристап до информации и поголема отвореност во работењето на владините институции во споредба со претходната интернет-страница. |
| Едукација на службените и одговорните лица кај имателите на информации. | Реализирани се вкупно 15 обуки за запознавање на службените и одговорните лица со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и едуцирани се вкупно 247 службени лица во текот на 2014 и 2015 година. | Податоците содржани во извештаите на КОМСПИ упатуваат дека едукативните работилници што ги спроведува КОМСПИ не придонеле кон унапредување и олеснување на пристапот до информации од јавен карактер. Особено заради продлабочување на бариерите со кои се соочуваат граѓаните во пристапот до информации од јавен карактер и континуираното зголемување на бројот на барања за информации од јавен карактер по кои јавните институции молчеле (во 2015 година биле поднесени вкупно 961 жалба поради молчење на јавната администрација, во 2014 година биле поднесени 785 жалби, а пак во 2013 година 428).<br>Меѓу другото, спроведените едукации, што КОМСПИ ги нотира како постигнување, се дел од редовните надлежности на Комисијата и не претставуваат надополнување на постојаните заложби за унапредување и олеснување на пристапот до информации од јавен карактер. |
| Спроведување на законската обврска за редовно објавување и ажурирање на Листата на информации од јавен карактер. | КОМСПИ во периодот од 2014 и 2015 година доставила Ургенции и Известувања до имателите на информации од јавен карактер во кои укажала на нивните законски обврски. | Спроведувањето на законот од страна на КОМСПИ не треба да престанува со поднесувањето на ургенциите и известувањата. Напротив, КОМСПИ треба да следи како имателите одговориле на доставените ургенции и барања. Практиката покажува дека имателите не ги исполнуваат своите законски обврски за објавување на листата на информации од јавен карактер. Непочитувањето на законските обврски од страна на имателите и ниското ниво на отвореност на државните институции е евидентно. На тоа укажува извештајот за оценка на нивото на проактивна транспарентност на јавните институции, подготвен од ЕСЕ, според кој во 2014 година само пет од 18 мониторирани јавни институции објавиле листа на информации од јавен карактер[10]. |
| Надзор врз објавувањето и ажурирањето на Листата на информации од јавен карактер од страна на КОМСПИ. | ОМСПИ во периодот од 2014 и 2015 година доставила Ургенции и Известувања до имателите на информации од јавен карактер во кои укажала на нивните законски обврски. | Според информациите добиени во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер, КОМСПИ само ги информира имателите дека согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер треба редовно да објавуваат |

[10] http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2015/ESE%20transparency.pdf

| ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ПОСТИГНУВАЊА | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|---|
| | | листа на информации од јавен карактер, но нема законска надлежност да донесе решение за задолжување на имателите во случаи кога тие немаат објавено ваква листа. Воедно, КОМСПИ не врши мониторинг на тоа дали имателите ја исполниле својата законска обврска и не располага со информации за тоа колку јавни институции ја имаат објавено и ја имаат ажурирано Листата на информации од јавен карактер. Иако за необјавување или пак неажурирање на листата на информации со кои располага институцијата, одговорното лице треба да биде казнето со парична казна (член 42 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер) во РМ, досега не била иницирана ваква постапка (види наоди од извештајот на ЕСЕ во фуснота 10). |
| Достапност на сите информации од јавен карактер на веб-локациите на имателите на информации од јавен карактер. | КОМСПИ доставила известување и ургенции до имателите на информации од јавен карактер со кои укажала на законската обврска за објавување на информации што ги создале или пак со кои располагаат на начин достапен за јавноста и ги информирала имателите за казнените одредби од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. | КОМСПИ не располага со информации за тоа колку иматели постапиле по нивните известувања и ургенции. Според извештајот за оценка на нивото на проактивна транспарентност на јавните институции, подготвен од ЕСЕ, во 2014 година само две јавни институции (Фондот за здравствено осигурување и Министерството за финансии) објавиле дел од шеснаесетте клучни информации/документи за своето програмско и буџетско работење, додека пак 16 јавни институции проактивно не објавиле информации/документи за своето програмско и буџетско работење[11]. |
| Зголемување на финансиските и човечките ресурси на КОМСПИ. | Буџетот на КОМСПИ во 2015 година е зголемен за 676 000 денари во однос на 2014 година и се вработени четири нови лица. | Според КОМСПИ, зголемениот буџет и бројот на вработени придонел кон зголемување на ефикасноста во решавање на жалбените постапки против неисполнување на правото на пристап до информации од јавен карактер и исполнување на законскиот рок за решавање по жалба од 15 дена. Според искуството на ЕСЕ, вообичаениот рок во кој КОМСПИ решава по жалба е подолг од законски утврдениот, односно два месеци по поднесување на жалбата. |
| Зголемување на соработката на КОМСПИ со здруженијата на граѓани и фондациите и општините преку потпишување на меморандуми за соработка. | КОМСПИ во текот на 2014 и 2015 година нема потпишано меморандуми за соработка, но во наредниот период ќе иницира потпишување. | КОМСПИ во текот на 2014 и 2015 година нема потпишано ниту еден меморандум за соработка. |
| Доставување на предлози за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. | Министерството за правда во текот на 2014 и 2015 година добило еден предлог за измени и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. | Во работната група за следење на имплементацијата на мерките предвидени со приоритетот 3 (слобода на информации) членуваат две јавни институции и три граѓански организации. Во 2014 и 2015 година Министерството за правда примило предлози за изменување и дополнување на Законот од само една граѓанска организација. |
| Анализа на добиените предлози и утврдување на потребата од измени и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. | На 18.9.2015 година е формирана меѓуресорска работна група за изготвување на анализата за евентуална измена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер составена од 13 членови. | Анализа на добиените предлози и утврдување на потребата за измени на Законот во текот на 2015 година не е направена. |
| Отпочнување на процесот на изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со јавни консултации. | Процесот на изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе започне откако ќе биде утврдена потребата. | Процесот на изменување и дополнување на законот во 2015 година не е отпочнат.<br>Меѓуресорската група е формирана 16 месеци по усвојувањето на Акцискиот план или осум месеци пред завршувањето на спроведувањето на Акцискиот план (мај 2016 година). Според нас, процесот на изменување и дополнување на законските решенија е процес што треба да се спроведува континуирано и во соработка со сите релевантни актери. Оттаму, периодот од осум месеци до завршување на овој акциски план е недоволен за |

[11] http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2015/ESE%20transparency.pdf

| ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ~ | ПОСТИГНУВАЊА ✓ | НЕДОСТАТОЦИ ✕ |
|---|---|---|
| | | спроведување на анализа и иницирање на постапка за законски измени и дополнувања. Ова особено доколку анализата за усогласеност на домашното законодавство со меѓународниот документ споменат подолу, треба да му претходи на овој процес. |
| Формирање на меѓуресорска работна група за утврдување на усогласеноста на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до јавните документи и утврдување на националните законски услови за пристапување кон конвенцијата. | На 18.9.2015 година е формирана меѓуресорска работна група за изготвување на анализа за евентуална измена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер составена од 13 членови. | Меѓуресорската група е формирана на 18.9.2015 година, 16 месеци по усвојувањето на Акцискиот план или осум месеци пред завршувањето на Акцискиот план за ОВП (мај 2016 година). Сметаме дека преостанатиот период до завршување на планот не е доволен за подготовка на извештај и анализа за утврдување на усогласеноста на националните законски решенија со одредбите на Конвенцијата. |

**ГРАФИКОН 12** Постигнувањата наспрема недостатоците од спроведувањето на мерките предвидени со приоритетот 5 (ефикасно управување со јавните ресурси - фискална транспарентност) од Акцискиот план за отворено владино партнерство спроведени во 2014 и 2015 година

| ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ~ | ПОСТИГНУВАЊА ✓ | НЕДОСТАТОЦИ ✕ |
|---|---|---|
| Министерството за финансии секоја година го објавува буџет на РМ, и евентуалните измени и дополнувања, во отворен формат на својата интернет- страница. | Министерството за финансии во јуни 2015 година на својата официјална веб-страница го објави Буџетот на РМ за 2015 година во XML-формат, покрај PDF- форматот што беше објавен на почетокот на годината. Исто така, за прв пат во јули 2015 година во целосен облик е објавена Завршната сметка на Буџетот на РМ за 2014 година (покрај општиот дел објавен е и посебниот дел). | Усвоениот буџет и измените и дополнувањата на буџетот се само дел од клучните буџетски документи што треба да ѝ се достапни на јавноста. Односно, потребно е Министерството за финансии во отворен формат да ги објавува: предлог-буџетот на РМ, периодичните извештаи за извршување на буџетот и завршната сметка. |
| Министерството за финансии ќе подготви и на својата интернет- страница ќе објави граѓански буџет по донесувањето на буџетот на РМ за соодветната фискална година. | Министерството за финансии подготвило и објавило граѓански буџет за 2015 година, кој се наоѓа во делот јавни финансии/буџет/документи на интернет-страницата на Министерството. Воедно, Министерството за финансии е во фаза на изработка на граѓански буџет за 2016 година. | Во среднорочниот извештај за самооценување, кој го донесе Владата на РМ во септември 2015 година, се вели: „Активностите поврзани со подготовка на граѓански буџет во Министерството за финансии се отпочнати на почетокот на годината и сѐ уште се во тек. Имено, Министерството објави повик за јавна набавка по што беше извршен и избор на најповолен понудувач. Исто така е изготвена прва работна верзија на која сѐ уште се работи". Спротивно на ова, во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер спроведена од ЕСЕ, Министерството вели дека граѓанскиот буџет за 2015 е објавен и се подготвува нов за 2016 година, а во среднорочниот извештај за самооценување како следен чекор е наведено дека Министерството за финансии треба да го објави граѓанскиот буџет за 2015 година.<br>На интернет-страницата на Министерството, граѓанскиот буџет за 2015 година не е достапен (Види повеќе на: http://www.finance.gov.mk/mk/node/575). Воедно, во периодот од 2014 и 2015 година, граѓанскиот буџет не е испечатен и не е дистрибуиран до јавноста. |
| Министерството за здравство ќе ја разгледа можноста за објавување на реализацијата на здравствените програми (финансиски и наративно). | Министерството за здравство има развиено и објавено извештаи за програмска и буџетска реализација на програмите што се финансирани од буџетот на Министерството за здравство. | Од буџетот на Министерството за здравство се финансираат вкупно 20 програми. До крајот на 2015 година Министерството во целост разви извештаи за пет програми, односно за извештаите по три програми е потребна доработка, а за 12 програми нема развиено финален извештај. Од ова може да се заклучи дека Министерството не вложило соодветни напори за исполнување на својата обврска, особено ако се знае дека ЕСЕ во текот на 2015 година до Министерството достави предлог-формати за извештаи за сите 20 програми.<br>Со одлука на Владата на РМ, Министерството беше задолжено ваквите извештаи да ги објави заклучно со 31 декември 2015 година. Со заклучок од средбата во кабинетот на министерот за здравство, рокот е продолжен за еден месец. |

| ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ПОСТИГНУВАЊА | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|---|
| | | До денот на објавување на овој извештај, Министерството нема објавено ниту еден извештај. |
| Препорака за објавување на годишните планови за јавни набавки, склучените договори за јавни набавки и известувањата за реализиран договор за јавна набавка. | Подготвена е и доставена е препорака за објавување на годишните планови за јавни набавки, склучените договори за јавни набавки и за известувањата за реализиран договор за јавна набавка до 1 400 јавни институции. | И покрај доставените препораки, од податоците содржани во извештаите преку кои се мери нивото на транспарентност на јавните институции во постапките за јавни набавки, се вели дека јавните институции во РМ немаат објавено планови за јавни набавки и склучени договори во постапки за јавни набавки. |
| Изработка и примена на стандарди за транспарентност со листа на минимум информации што треба да ги објавува секоја институција што спроведува јавни набавки за да обезбеди одредено ниво на транспарентност согласно со добрите практики на интернет- страниците на договорните органи. | Стандарди за транспарентност со листа на минимум информации за јавните набавки не се подготвени. | Стандарди за транспарентност со листа на минимум информации за јавните набавки не се подготвени. |
| Објавување на документи за странски инвестиции во РМ. | Сите странски инвестиции објавени во 2014 и 2015 година се јавно достапни со самото објавување на инвестицијата на следните линкови: http://www.investinmacedonia.com/index.php/invest-news и http://vlada.mk/node | Во РМ нема достапни информации и документи за странските инвестиции реализирани во текот на 2014 и 2015 година. Посочените страници во делот постигнувања содржат општи информации за објавување и промоција на инвестицијата, но не содржат конкретни документи, кои се резултат на склучување на договорите за странски инвестиции, како и нивна реализација. |
| Објавување на податоци за добиена и планирана странска помош (билатерална помош и фондови на ЕУ) | Во централната база на податоци за странска помош се објавени податоци за сите регистрирани проекти/донации со неповратни парични средства од странски донатори за кои корисникот доставил официјално барање до Секретаријатот за европски прашања. Воедно, на интернет- страницата на Секретаријатот се достапни информации за билатерална помош координирана од Секретаријатот и програмски документи за ИПА 1 и ИПА 2. А пак на страницата на Централното одделение за финансирање и склучување на договори во рамки на Министерството за финансии се наоѓа регистар на склучени договори во РМ преку ИПА со децентрализирано управување. | Централната база на податоци за странска помош содржи информации само за оние јавни институции што побарале регистрација на проект финансиран од странска помош, додека оние проекти за кои не е побарана регистрација, информациите не се јавно достапни (пример грантот ОРИО на Министерството за здравство на РМ). Воедно, на страницата на Секретаријатот се содржани само општите насоки и документи за обезбедување на средства преку билатералната помош и ИПА 1 и ИПА 2. Податоци за тоа со колку средства менаџираат јавните институции по овие основи не се јавно достапни. |

## ПРЕДЛОЗИ ЗА СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

1. да се утврдат приоритени и реално остварливи мерки со Акцискиот план за отворено владино партнерство, со што ќе се зголеми ефикасноста во спроведувањето на мерките и ќе се насочат напорите кон реално надминување на еден или неколку бариери за отворена Влада;
2. да се избегнува вклучување на основни надлежности на јавните институции како мерки во Акцискиот план. Односно, планот да содржи мерки што ќе значат надополнување на редовните функции на јавните институции;
3. да се напушти сегашниот начин на формулирање на мерките од Планот, односно во иднина за секоја од предвидените мерките да се формулираат индикатори според кои ќе се мери нивното спроведување;
4. јавните институции да ги исполнат своите законски обврски за транспарентно, отчетно и артиципативно работење, со тоа што во Акцискиот план тежиште ќе се стави на мерки што значат унапредување на веќе постигнатиот напредок, односно на мерки/обврски од средно, напредно и иновативно ниво;
5. да се осигура поголема вклученост на граѓанските организации во подготовката, спроведувањето и следењето на Акцискиот план;
6. граѓанските организации да бидат партнери со јавните институции и да имаат рамноправна моќ во поставувањето на мерките што ќе бидат дел од Акцискиот план и следење на нивната имплементација;
7. граѓанските организации, во партнерство со јавните институции, да спроведуваат мерки што не се дел од нивните редовни програмски активности финансирани од други донатори;
8. да се осигура навремено и целосно спроведување на мерките предвидени со Акцискиот план.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА
OPEN SOCIETY FOUNDATIONS